Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

# ПРИРАЧНИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ „НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА“




ИЗГОТВЕНО ОД СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ, ЕДУКАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

АВТОРИ:

м-р Рита Глигоријевска - Раководител на сектор
м-р Катерина Поповска - Раководител на одделение
м-р Игор Димитровски - Раководител на одделение

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 3
Причини за поднесување понуди со „невообичаено ниска“ цена ... 5
Правна рамка на ЕУ ... 5
Директива 2014/24/ЕУ ... 5
Директива 2014/25/ЕУ ... 6
Законска рамка во РСМ - Закон за јавните набавки ... 8
Кои се ризиците од прифаќање на понуда со „невообичаено ниска цена“? ... 9
Како договорните органи да се справат со ризикот од добивање на понуди со невообичаено ниска цена?! ... 10
Што доколку економскиот оператор доставил понуда со вредност 0 денари во поединечни ставки? ... 11
Дали понуда со вредност 0 во поединечни ставки, се смета за невообичаено ниска цена? ... 11
Е-АУКЦИЈА - Доколку договорниот орган одлучи да користи електронска аукција во постапката и доколку се јави сомнеж за „невообичаено ниска цена“, кога може да побара објаснување? 13
Како да се препознае (идентификува) понуда со невообичаено ниска цена?! ... 13
Примери за идентификување, барање за објаснување, добивање објаснување и донесување одлука во врска со понуда која содржи „невообичаено ниска цена“. ... 15
ПРИМЕР бр. 1: ... 15
ПРИМЕР бр. 2: ... 17
Пример за поставување на прашање до економски оператори: ... 18
Што ако на економскиот оператор му било побарано објаснување за „невообичаено ниска цена“, а не го доставил во предвидениот рок? ... 19
ПРИМЕР бр. 3: ... 20

## ВОВЕД

Договорните органи т.е. јавниот сектор во целина, често е соочен со финансиски притисоци и предизвици да во рамки на постојано намалување на буџетите (лимитирање на финансиските средства), овозможат добивање на најдобра вредност за јавните пари. Од друга страна, целта на договорните органи е секогаш ефикасно, ефективно и транспарентно користење на парите на даночните обврзници и постигнување најдобра вредност за потрошените пари.

Во секојдневното работење и спроведување постапки за јавни набавки, договорните органи често се соочуваат со невообичаено ниски цени или пак цени кои што се повисоки од пазарните. Оттука, цената секогаш е критичен фактор при изборот на најповолната понуда и доделувањето на договорите за јавни набавки. Сепак, поднесувањето на понуди со невообичаено ниски цени од страна на економските оператори може да доведе до значајни проблеми при реализација на договорите. Иако договорните органи може да бидат загрижени дека понудувачот нема да може да го извршува договорот со понудената цена, потребно е претпазливо да ја испитаат пред да ја одбијат понудата, бидејќи потенцијалното одбивање понуди со „невообичаено ниски“ цени може да предизвика и правни последици, односно поднесување жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Нереалните цени често доведуваат до намален квалитет, односно не испорачување на предметот на набавка со бараниот квалитет при извршувањето на договорот на долг рок, а договорниот орган секогаш се соочува со ризици и ги сноси последиците.

Сепак, важно е да се направи разлика помеѓу ниска цена и невообичаено ниска цена. Во пазарна економија, сосема прифатливо е, економскиот оператор да добие одредена предност пред своите конкуренти нудејќи пониска цена, но таа цена мора да биде целосно економски оправдана и не треба да доведе до ненавремено и неквалитетно извршување на договорот.

Генерално, не постои дефиниција за тоа што се смета за невообичаено ниска цена, но општо признаено е дека терминот „невообичаено ниска“ цена се однесува на ситуација кога понудената цена од економскиот оператор предизвикува сомнеж дали понудата е

економски одржлива и дали договорот ќе биде извршен квалитетно и навремено во согласност со условите од тендерската документација.

Со оглед на непостоењето на општо прифатлива дефиниција на поимот „невообичаено ниска цена“, првиот суштински чекор во процесот на евалуација е да се идентификува дали понудата која што е со најниска вредност всушност претставува понуда со „невообичаено ниска цена“ и да биде предмет на дополнително разгледување и појаснување.

Слика бр. 1



## Причини за поднесување понуди со „невообичаено ниска“ цена

Причините поради кои во постапките за јавни набавки, може да се поднесат понуди со „невообичаено ниска“ цена, се различни и може да се резултат на:

- Економичноста на производствениот процес на стоките, на обезбедувањето на услугите или на методот на градба (понудувачот нашол начин да го обезбеди предметот на набавка на поисплатлив начин од неговите конкуренти);
- Техничките решенија или кои било исклучително поволни услови кои му стојат на располагање на понудувачот во врска со набавката на стоките, услугите или за извршување на работите;
- Оригиналноста или интелектуалните права на понудувачот во врска со она што го нуди и што е барано како предмет на набавка;
- Економија од обем; (зголемување на производството/количината, а намалување на трошоците т.е. цената по единица производ)
- Прифаќање да се работи со загуба или без профитна маржа, со цел обезбедување на присуство на пазарот или добивање референца;
- Неразбирање или погрешно толкување на барањата: Поднесувањето на понуда со невообичаено ниска цена е резултат на неразбирање или погрешно толкување на барањата на договорниот орган, од страна на економскиот оператор;
- Потценување на ризиците поврзани со извршување на договорот;
- Државни субвенции, грантови, ко-финансирање.

## Правна рамка на ЕУ

### Директива 2014/24/ЕУ

Согласно наведенава директива, Договорните органи (од јавниот сектор) се должни да бараат од економските оператори да ги објаснат цената или трошоците предложени во понудите кога се чини дека тие имаат невообичаено ниска цена во однос на работите, стоките или услугите (член 69 (1) од Директивата). Тоа значи дека на договорниот орган не му е дозволено:

- да прифати понуда која се чини дека е со невообичаено ниска цена без претходно да ја испита истата;
- да ја одбие понудата која се чини дека е со невообичаено ниска цена без да му дозволи на понудувачот да ја објасни дадената ниска цена или трошоци.

Директивата предвидува дека образложението што се бара од економските оператори може да се однесува „особено“ на:

- економичноста на производствениот процес, обезбедувањето на услугите или начинот на градење;
- избраните технички решенија или кои било исклучително поволните услови што му се достапни на понудувачот за испорака на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите;
- оригиналноста на стоките, услугите или работите кои ги нуди понудувачот;
- придржување до обврските што произлегуваат од задолжителното право на ЕУ или од националното законодавство коешто е компатибилно со законодавството на ЕУ во полето на социјалното, трудовото или еколошкото право или меѓународното трудово право;
- можноста понудувачот да добие државна помош.

Директивата го користи терминот „особено“ пред да ги наведе можните објаснувања, па затоа списокот не е исцрпен. Но во секој случај, не е ниту чисто индикативен. Според судската практика на Судот на правдата на Европската унија - СПЕУ, на договорните органи не им се дозволува да го ограничат опфатот на фактори или елементи на коишто може да се однесува образложението.

### Директива 2014/25/ЕУ

Договорните органи (од секторските дејности) се должни да бараат од економските оператори да ги објаснат цената или трошоците предложени во понудите кога се чини дека се со невообичаено ниска цена во однос на стоките, услугите или работите. (Член 84 став (1) од горенаведената Директива).

Понатаму, во ставот (1) од Директивата 2014/25/ЕУ, наведено е дека објаснувањата може особено да се однесуваат на:

- економичноста на производствениот процес, обезбедувањето на услугите, или на начинот на градба;
- избраните технички решенија или кои било исклучително поволни услови кои му стојат на располагање на понудувачот за испораката на производите, обезбедувањето на услугите или за изведувањето на работите;
- оригиналноста на стоките, услугите или работите предложени од понудувачот;
- усогласеност со обврските наведени во член 36 (2) и (Член 36 став (2), согласно кои земјите-членки преземаат соодветни мерки за да обезбедат дека во извршувањето на договорите за јавни набавки економските оператори ќе се усогласат со важечките обврски во областа на еколошкото, социјалното и трудовото право утврдени со правото на Унијата, националното право, колективните договори или според меѓународните одредби за еколошки, социјални и трудово право);
- усогласеност со обврските наведени во член 88 (кој се однесува на подизведување);
- можноста понудувачот да добие државна помош.

Договорниот орган врз основа на информациите обезбедени во консултација со понудувачот, може да ја отфрли понудата, единствено ако доставените докази не се задоволителни и не ја објаснуваат дадената ниска цена или трошоци, земајќи ги во предвид елементите наведени во ставот (2) од овој член.

Во членот кој што се однесува на невообичаено ниска цена, во Директивата за секторски дејности, исто така е наведено дека договорните органи, ќе ја отфрлат понудата каде што имаат наоди дека понудата содржи невообичаено ниска цена и истата не е во согласност со важечките одредби наведени во член 36 (2).

Следствено на изнесеното, во ставот (4) од горенаведениот член, онаму каде што договорните органи ќе утврдат дека постои понуда со невообичаено ниска цена, бидејќи понудувачот добил или пак користи државна помош, понудата може да се одбие само ако било побарано објаснување од понудувачот, а во временскиот период кој му е даден да објасни, не го достави и докаже истото.

Кога договорниот орган отфрлува понуда во вакви околности, потребно е да ја информира Комисијата за тоа. Воедно, на барање, земјите-членки им ставаат на располагање на другите земји-членки преку административна соработка кои било информации со кои располага, како што се законите, регулативите, универзално применливи колективни договори или национални технички стандарди, кои се однесуваат на доказите и документите наведени во став (2).

## Законска рамка во РСМ - Закон за јавните набавки

Законот за јавните набавки во Република Северна Македонија во голема мера е усогласен со Европското законодавство. Конкретно, членот 69 (1) од Директивата 2014/24/ЕУ и членот 84 став (1) од Директивата 2014/25/ЕУ се целосно транспонирани во член 110 од националното законодавство.

Согласно член 110 од Законот за јавните набавки, доколку договорниот орган се сомнева на „Невообичаено ниска“ цена, согласно став (1), бара од економскиот оператор, во примерен рок не пократок од пет дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на стоките, услугите или работите што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен. Договорниот орган, во секој случај бара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.

(2) Објаснувањето од ставот (1) на овој член особено се однесува на:

- економичност на производствениот процес, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење,
- избраните технички решенија или кои било други особено поволни услови кои понудувачот ги има на располагање за обезбедување на стоките или услугите или за изведувањето на работите,
- оригиналноста на стоките, услугите или работите понудени од страна на понудувачот,
- исполнувањето на обврските од членот 3 став (2) од овој закон,

- исполнувањето на условите во поглед на подизведувачите и
- можноста понудувачот да користи државна помош.

(3) Договорниот орган ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци, земајќи ги предвид елементите од ставот (2) на овој член.

(4) Договорниот орган ја отфрла понудата доколку утврди дека истата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина, социјална политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции кои се ратификувани во Република Македонија.

(5) Ако договорниот орган утврди дека цената на понудата е невообичаено ниска бидејќи понудувачот добил државна помош, понудата може да биде прифатена ако по барање дополнителни појаснувања, понудувачот докаже дека му била доделена државна помош во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

## Кои се ризиците од прифаќање на понуда со „невообичаено ниска цена“?

Целта на договорните органи при спроведувањето на постапките за јавните набавки е да обезбедат најдобра вредност за потрошените пари. При реализација на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, економските оператори се должни да ги испорачаат стоките, услугите или работите на време и со соодветен квалитет, согласно условите во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

- Доделување на договор за јавна набавка на економски оператор кој што доставил понуда со невообичаено ниска цена, може да предизвика одредени ризици и последици за договорните органи, но и за јавниот интерес и општеството во целост!
- Прифаќањето на понуди кои содржат невообичаено ниски цени со себе носи висок ризик од неисполнување на обврските и барањата наведени во тендерската документација, од страна на економските оператори.
- Некои од причините можат да бидат, недоразбирања помеѓу економскиот оператор и договорниот орган во врска со сложеноста на набавката, не земање

во предвид на сите околности и ризици во врска со реализацијата на договорот/рамковната спогодба, неконкурентно однесување од страна на економските оператори, појавување на картели, тајно здружување, незаконско договарање (колузија), поделби на пазарот итн.

Последици од горенаведеното, можат да бидат продолжување и измена на договорот за јавна набавка, дополнителни трошоци и зголемување на цените, непочитување на обврските кон социјалните, трудовите и законите за заштита на животната средина, ненавремено и неквалитетно извршување на договорот или во краен случај раскинување на истиот.

<u>Исходот за договорниот орган би бил изгубено време и средства, стресно и тешко менаџирање со реализацијата на договорот, раскинување на договорот повторно објавување оглас за јавна набавка, но и непочитување на начелото од законот кое се однесува на економичност, ефикасност и ефективност на користењето на јавните средства.</u>

## Како договорните органи да се справат со ризикот од добивање на понуди со невообичаено ниска цена?!

Со цел да се намали ризикот од потенцијално добивање на понуди со „невообичаено ниска“ цена, договорните органи потребно е да преземат низа чекори за да го намалат ризикот, како на пример:

- Соодветна анализа и истражување на пазарот за конкретниот предмет на јавна набавка
- Адекватно планирање и изготвување сеопфатен годишен план за јавни набавки
- Изготвување тендерска документација, со целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, како и обезбедување на неопходни податоци за подготовка на квалитетна понуда
- Подготовка на технички спецификации, опишани на јасен, целосен, недвосмислен и неутрален начин, како и дефинирање на количини таму каде што е можно, но и оформување на предметот на набавка во делови, каде што е соодветно.

- Јасно дефинирани критериуми за утврдување на способноста посебно во однос на техничката и професионална способност
- Дефинирани рокови за подготовка на понудите соодветно на сложеноста и специфичноста на предметот на набавка

## Што доколку економскиот оператор доставил понуда со вредност 0 денари во поединечни ставки?

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Оттука, при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, согласно со член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Меѓутоа, со користење на бараните појаснувања или дополнувања комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор. При тоа, согласно став (4) од овој член, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

Од изнесеното произлегува дека комисијата може да побара појаснување од економскиот оператор зошто во поединечните ставки од понудата е поднесена цена од 0 денари. Дополнително, во случај кога комисијата утврди дека понудата содржи невообичаено ниска цена која што при споредба со пазарните цени и останатите понуди, значително отстапува, може да пристапи кон барање на објаснување согласно член 110 став (1) од законот.

## Дали понуда со вредност 0 во поединечни ставки, се смета за невообичаено ниска цена?

Постојат случаи кога економскиот оператор поднесува понуда, со цел да добие референца за идни деловни активности, и јасно е дека дадената ниската цена не е резултат на економичност на производствениот процес на стоките, на обезбедувањето услуги или на начинот на градење или избраните технички решенија и други поволни услови кои ги имал на располагање.

Прашањето за отфрлање на понудата по цена од 0,00 и оправданоста обезбедена од понудувачот поврзана со желбата да се добие договорот за јавна набавка и пристап до пазар со цел добивање референци неодамна беше разгледан од Судот на правдата на ЕУ во случајот C – 367/19. Во овој случај Словенечкото Министерство ја отфрлило понудата со образложение дека договор во вредност од нула евра не претставува „договор за паричен интерес“. Европскиот суд на правдата пресудил дека договорот „за паричен интерес“ е релевантен само за да се утврди дали договорот е предмет на Директивата. Истото не претставува правен основ за отфрлање на понудата од постапката само затоа што предложената цена е нула евра. Следствено на изнесеното, понудата на економскиот оператор не требало да биде отфрлена само затоа што била за нула финансиска вредност. Европскиот Суд наведува дека правилниот пристап би бил да се спроведе оценка согласно членот 69 (невообичаено ниска цена) од Директивата.

Горенаведениот член, предвидува дека договорните органи **мора** да бараат од понудувачите „да ја објаснат цената или трошоците предложени во тендерот кога понудите се чини дека се невообичаено ниски“. Договорните органи потоа мора да го разгледаат тоа објаснување при проценката дали понудата е веродостојна или дали таа ќе го наруши правилното извршување на договорот. Доколку доказите доставени од понудувачот не се на задоволително ниво и не ја објаснуваат ниската цена поднесена од економскиот оператор, договорниот орган има право да ја отфрли понудата.

Во споменатиот случај (C-367/19), економскиот оператор тврдел дека цената што ја понудил е резултат на пристап до нов пазар или референци и дека тоа може да му донесе идна економска корист (економска корист на долг рок). ЕСП со пресудата, потврдува дека Министерството требало да го земе предвид ова објаснување во својата одлука, со цел да утврди дали понудата на економскиот оператор е веродостојна и вредноста на финансиската понуда од 0 евра нема да го наруши извршувањето на договорот.

Имено, доколку договорниот орган заклучил врз основа на поднесените докази дека извршувањето на договорот ќе биде нарушено, неквалитетно и ненавремено, тогаш договорниот орган **ИМА ПРАВО ДА ЈА ОТФРЛИ ПОНУДАТА**.

Е-АУКЦИЈА - Доколку договорниот орган одлучи да користи електронска аукција во постапката и доколку се јави сомнеж за „невообичаено ниска цена“, кога може да побара објаснување?

Во постапките за јавни набавки каде се користи е-аукција, доколку кај договорниот орган се јави сомнеж дека некоја понуда има „невообичаено ниска цена“ и дека договорот ќе биде квалитетно и навремено извршен, истиот има можност да побара објаснување од економскиот оператор и пред отпочнување на аукцијата, но и по завршувањето на аукцијата, односно по добиените корегирани цени.

Како да се препознае (идентификува) понуда со невообичаено ниска цена?!

Добриот процес на планирање на набавките и истражување и анализа на пазарот вклучува проценка на ризиците за набавката и нивниот потенцијал, оперативен план (рок/место на испорака, плаќање и сл.), конкуренција на пазарот и сл. Ваквите проценки на ризиците, потребно е да се земат предвид и при креирање на годишниот план за јавни набавки.

Сеопфатна анализа на пазарот и добро планирање, овозможува квалитетни изготвени тендерски документации, со јасно дефинирани барања, услови, критериуми за утврдување способност, доволна временска рамка за поднесување на понудите и обезбедување најдобра вредност за потрошените пари.

Најпрво, при идентификување на „невообичаено ниска“ цена, не е дозволено автоматско исклучување/отфрлање на понудата. Договорниот орган кој што се сомнева дека добил понуда која содржи „невообичаено ниска“ цена **е должен** да побара образложение од економскиот оператор.

Постојат повеќе методи за идентификување (препознавање), на понуди кои содржат „невообичаено ниска“ цена, а во пракса најчесто користени се следниве:

- Договорниот орган врши анализа на трошоците кои се потребни да се испорача стоката/услугата или да се извршат работите. Доколку во претходните фази од процесот е спроведена сеопфатна анализа на пазарот, договорниот орган веќе поседува пред знаење за пазарните цени, трошоците кои се потребни да се реализира набавката и сл. Следствено на изнесеното, без многу потешкотии

може да се направи споредба со понудената цена од страна на економскиот оператор. Сепак, доколку постојат потешкотии при споредбата, потребно е да се направи дополнително истражување на пазарот и да се добијат дополнителни податоци во однос на пазарните цени и целокупните активности на пазарот за конкретната набавка.

- Договорниот орган врши споредба на понудената цена со проценетата вредност на набавката и го проценува степенот на отстапување (вредност на поднесена понуда – проценета вредност за набавката). Сепак, важно е да се напомене и дека постои висок ризик доколку договорниот орган не ја проценил правилно вредноста на набавката и не ги применил останатите правила кои што се однесуваат на проценка на вредноста на набавката.
- Се врши споредба на вредноста на понудата со цените предложени од останатите економски оператори. Оваа можност ја дава членот 110 став (1) од Законот за јавните набавки.

„Договорниот орган, **во секој случај (ЗАДОЛЖИТЕЛНО)** бара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди“.

<u>По свој избор и убедување, договорниот орган може да користи и други методи за препознавање на „невообичаено ниски“ цени во понудите. Сепак, потребно е објективно да се земат предвид сите околности и да се даде можност за објаснување на економските оператори.</u>

Примери за идентификување, барање за објаснување, добивање објаснување и донесување одлука во врска со понуда која содржи „невообичаено ниска цена“.




ПРИМЕР бр. 1:

Договорен орган А, објавува постапка за набавка на тонери.

Вид на договор за јавна набавка: СТОКИ

Вид на постапка за јавна набавка: Набавка од мала вредност, без електронска аукција

Проценета вредност на набавката е 147 000 денари

За конкретната постапка за јавна набавка, вкупно четири (4) економски оператори поднеле понуда.

- Економскиот оператор А поднел понуда со вредност од 139 000 денари
- Економскиот оператор Б поднел понуда со вредност од 48 700 денари
- Економскиот оператор В поднел понуда со вредност од 188 000 денари
- Економскиот оператор Д поднел понуда со вредност од 141 000 денари

Договорниот орган А, веќе имал спроведено анализа и истражување на пазарот за конкретниот предмет на набавка и во фазата на изготвување на годишниот план, но и пред донесување на одлуката за јавна набавка. Од истражувањето, успеал да добие информации за економските оператори кои учествуваат на

пазарот и кои нудат тонери, кои се поединечните цени, кои се продажните цени, по кои цени набавувале останатите договорни органи, условите и начинот на испорака итн.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата ја имала предвид дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Комисијата за јавна набавка, при отпочнување на фазата на евалуација воочила дека економскиот оператор В има поднесено понуда чија цена ги надминува средствата кои се обезбедени за конкретната набавка.

Останатите три економски оператори имаат поднесено понуди кои се во рамки на проценетата вредност, но вредноста на понудата од економскиот оператор Б, видно се разликува од понудите на економските оператори А и Д, оттука се јавува сомнеж кај договорниот орган дека се работи за „невообичаено ниска цена“.

Согласно член 110 став (1) од законот, договорниот орган во секој случај бара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку 3 понуди.

Комисијата ги анализирала трите понуди на следниов начин:

- ЕО (А) = 139 000
- ЕО (Б) = 48 700
- ЕО (Д) = 141 000

☑ **ПРОСЕК = (139 000 + 48 700 + 141 000) / 3 = 109 566 денари <u>(просечна цена)</u>**

☑ **109 566*50/100=54 783 денари <u>(50 % од просечната цена)</u>**

☑ **54 783 > 48 700 (споредба со понудена цена од ЕО (Б))**

- ☑ **Понудата од економскиот оператор (Б), за која што договорниот орган се сомнева дека содржи невообичаено ниска цена, по спроведената анализа, се потврдува дека е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди.**

- ЕО (А) = 139 000
- ЕО (Б) = 48 700

- ☑ **20% пониска вредност од следно рангиран понудувач:**
- ☑ **139 000 x 80 / 100 = 111 200 денари <u>(20% пониска цена)</u>**
- ☑ **111 200 > 48 700 - Условот е исполнет, понудената цена од ЕО (Б) е за 20% пониска од понудената цена на ЕО (А).**

Согласно горенаведеното, комисијата за јавна набавка, воочува дека ДВАТА УСЛОВИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ЧЛЕН 110 СТАВ (1), СЕ КУМУЛАТИВНО ИСПОЛНЕТИ. Оттука, преку Електронскиот систем за јавни набавки поставува прашање до економскиот оператор Б и бара објаснување за понудената цена.

## ПРИМЕР бр. 2:

Договорниот орган Б, објавува поедноставена отворена постапка за период од две години, за одржување (сервисирање) и резервни делови на печатачи, поделена во 3 различни делови.

Дел 1: Одржување и сервисирање на 15 печатачи од производителот „X“

Дел 2: Одржување и сервисирање на 22 печатачи од производителот „Y“

Дел 3: Одржување и сервисирање на 37 печатачи од производителот „Z“

Проценета вредност на постапката е 900 000 илјади денари, а предвидено е постапката да заврши со склучување на рамковна спогодба помеѓу договорниот орган (Б) и избраниот најповолен понудувач.

- За дел 1: Вкупно 2 економски оператори поднеле понуди
- За дел 2: Вкупно 2 економски оператори поднеле понуди
- За дел 3: Вкупно 4 економски оператори поднеле понуди

Во овој случај, економскиот оператор А, учествува во сите три дела. Во делот 1, економскиот оператор А поднесува понуда од 29 000 денари, а економскиот оператор Б поднесува понуда со вкупна вредност од 144 000 денари. Во останатите 2 дела, економскиот оператор А, поднел понуди кои што се

конкурентни и цените на ставките се идентични со пазарните. Кај понудата за делот 1, поднесена од економскиот оператор А, кај комисијата се пројавил сомнеж дека се работи за невообичаено ниска цена и било одлучено да се побара објаснување од економскиот оператор А, согласно член 110 став (1) од Законот за јавните набавки.

Објаснувањето, дадено од економскиот оператор А, не се однесувало на одредбите наведени во член 110 став (2) и следствено на изнесеното, комисијата за јавна набавка одлучила да ја отфрли понудата на економскиот оператор А (согласно член 110 став (3) од законот).

Понатаму, по спроведената евалуација и рангирањето на сите понуди, економскиот оператор А, бил избран за најповолен понудувач за деловите 2 и 3, но поднесената понуда за делот 1 била отфрлена и декларирана како „неприфатлива“.

**НАПОМЕНА: Доколку постапката за јавна набавка е поделена во делови и еден исти економски оператор поднесува понуди за повеќе делови, а за едниот дел поднел понуда која содржи невообичаено ниска цена, во тој случај, доколку комисијата за јавна набавка не го прифати неговото објаснување, ја отфрла понудата и ја декларира како неприфатлива, САМО ЗА ТОЈ ДЕЛ!**

## Пример за поставување на прашање до економски оператори:

Почитувани,

Во врска со оглас бр ---- објавен на --------, за набавка на -------, согласно член 110 став (1) од Законот за јавните набавки, ве молиме во рок од пет дена (--. --. ----. – час), да доставите објаснување на вашата цена наведена во понудата.

Вашето објаснување, особено треба да се однесува на одредбите од членот 110 став (2) од Законот за јавните набавки.

Со почит,

Договорен орган -----

Комисија за јавна набавка

По доставеното прашање, економскиот оператор е должен да достави одговор во предвидениот рок, а објаснувањето особено треба да се однесува на одредбите од член 110 став (2). Воедно, доколку постојат и други причини во однос на понудената цена, економскиот оператор, соодветно е должен да ги објасни.

Притоа, договорниот орган, односно комисијата за јавна набавка, согласно член 110 став (3), ја отфрла понудата само доколку објаснувањето или доставените докази не се доволни да се оправда ниската понудена цена или трошоци, земајќи ги предвид елементите од ставот (2) на истиот член.

Оттука, договорниот орган врз основа на само нему позната фактичка состојба, а во согласност со одредбите од член 110 од Законот, треба да утврди дали дадената цена е оправдана или станува збор за невообичаено ниска цена, односно цена која остава сомнеж дека договорот ќе биде извршен квалитетно и навремено.

Во случај кога не се прифаќа даденото објаснување, потребно е договорниот орган да ја продолжи постапката со останатите прифатливи понуди/понудувачи и да донесе одлука за избор на најповолен понудувач.

**НАПОМЕНА: Комисијата неоправдано не смее ниту да создава предност, ниту да одлучува на штета на договорниот орган, а во корист на одреден економски оператор и при спроведувањето на постапките за јавни набавки, потребно е да ги почитува основните начела на законот (економичност, ефикасност, ефективност, транспарентност, конкурентност, сразмерност, еднаков третман и недискриминација).**

### Што ако на економскиот оператор му било побарано објаснување за „невообичаено ниска цена“, а не го доставил во предвидениот рок?

Во ваков случај договорниот орган може да одлучи понудата да ја смета за неприфатлива и да ја отфрли. Понудата за која не е доставено објаснување за „невообичаено ниска цена“ не продолжува во понатамошните фази од постапката и не постои можност да биде избрана за најповолна, а договорниот орган постапката ја продолжува со останатите понудувачи.

## ПРИМЕР бр. 3:

Договорен орган Д, објавува постапка за набавка на флаширана вода од 0.3 и 0.5 мл.

Вид на договор за јавна набавка: СТОКИ.

Вид на постапка за јавна набавка: Рамковна спогодба / Набавка од мала вредност / без електронска аукција.

Проценета вредност на набавката е 114 000 денари.

За конкретната постапка за јавна набавка, вкупно три (3) економски оператори поднеле понуда.

Економскиот оператор А поднел понуда со вредност од 6 денари за 0,3 мл , а 11 денари за 0,5 мл.

Економскиот оператор Б поднел понуда со вредност од 11 денари за 0,3 мл, а 15 денари за 0,5 мл.

Економскиот оператор В поднел понуда со вредност 12 денари за 0,3 мл, а 17 денари за 0,5 мл.

Комисијата за јавна набавка, при отпочнување на фазата на евалуација воочила дека економскиот оператор А има поднесено понуда со невообичаено ниска цена, и кај неа се јавил сомнеж дека договорот/рамковната спогодба ќе биде квалитетно и навремено извршена.

Оттука, согласно член 110 став (1), побарал од економскиот оператор А, во рок од 6 дена да ја објасни цената наведена во понудата за флаширана вода од 0,3 и 0,5 мл.

Економскиот оператор А го доставил побараното објаснување во примерен рок и истото било согласно член 110 став (2) од законот. Сепак, во своето објаснување навел и од што се изработуваат амбалажите.

Комисијата, по свое наоѓање открила дека материјалите со кои е изработена амбалажата содржат одредена материја која што не е биоразградлива т.е. е штетна за животната средина.

Оттука, согласно член 110 став (4), договорниот орган ја отфрлил понудата, бидејќи утврдил дека понудата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина.

**НАПОМЕНА:**

**Согласно член 110 став (4), договорниот орган ја отфрла понудата доколку утврди дека истата има невообичаено ниска цена бидејќи не ги исполнува применливите обврски за заштита на животната средина, социјална политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Северна Македонија, колективните договори и од меѓународни договори и конвенции кои се ратификувани во Република Северна Македонија.**